12-526/6
03-08-2021

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива на продолжението на 50-тата седница одржано на ден 22.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**СЕ ЗАПИРА** постапувањето на ДКСК по предмет оформен по сопствена иницијатива со службена белешка број 12-1606/1 од 13.03.2020 година.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што од утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на закон и состојба на судир на интереси.

Предметот со број 12-1606/1 од 13.03.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-1606 од 2020 година е оформен по сопствена иницијатива со службена белешка број 12-1606/1 од 13.03.2020 година.

Предметот е оформен во врска со наводи изнесени во медиумите дека од страна на Министерот за здравство - ---------------------- и директорот на ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ - -------------- се доделувани договори за јавни набавки на правното лице ----------------------- ДОО - кое е во сопственост на ---------------------, кои заедно со семејството на сопругата на министерот ------------------------ се сосопственици на имот во Нерези. Исто така, изнесени беа и наводи дека --------------------- со мајката на сопругата на министерот --------------- заеднички градат објект како инвеститори на посочениот имот кој не бил семејна куќа како што е наведено на ознаките на градбата, туку објект за времено сместување.

Во наводите изнесени во медиумите во врска со овој случај беше посочена постапка за доделување на договор за јавна набавка - Медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје, објавена на 28.11.2018 година од страна на Министерството за здравство, како и постапка за доделување на договор за јавна

набавка на Остеосинтетски материјал, објавена на 12.09.2019 година од страна на ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ, двете постапки доделени на горенаведеното правно лице, а се наведени и износи на парични средства кои ова правно лице ги добило преку јавни набавки откако министерот -- -------------------- раководи со министерството.

Во текот на постапувањето по овој предмет добиено е барање за доставување на податоци од ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција со кое во прилог се доставува и пријава за судир на интереси за горенаведените јавни набавки, по кое барање ДКСК постапуваше во рамки на веќе оформениот предмет.

Заради утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, од страна на ДКСК преземени се следните дејствија: побарана е документацијата за посочените јавни набавки со цел утврдување дали истите се спроведени согласно Законот за јавните набавки; извршена е анализа врз основа на јавно достапните податоци на Електронскиот систем за јавни набавки и врз основа на известувања од двете институции за постапките во кои правното лице --------- -- --------------- ДОО било избрано за носител на јавни набавки почнувајќи од 2012 година како референтен период; побаран историјат на промени за движење на парцелите на кои се гради посочениот објект, како и документација во однос на одобрението за градба и инспекциски надзор од Општина Карпош во однос на изведувањето на градбата.

Во однос на двете посочени постапки за јавни набавки, по извршениот увид во целокупната документација од истите, констатирано е дека се спроведени согласно важечкиот Закон за јавни набавки, односно не се утврдени незаконитости при нивното спроведување кои можат да влијаат на конечниот исход на постапките и кои би можеле да укажуваат на фаворизирање на одреден економски оператор. Начинот на кој се спроведени постапките е во согласност со основните начела на Законот за јавните набавки како што се конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки. Воедно, врз основа на извршена анализа на јавно достапните податоци на Електронскиот систем за јавни набавки и врз основа на известувања од Министерството за здравство и ЈЗУ УК ТОАРИЛУЦ за постапките во кои правното лице ------------------------- ДОО било избрано за носител на јавни набавки почнувајќи од 2012 година како референтен период, може да се констатира дека овој економски оператор редовно добива договори за јавни набавки во голем број на јавни здравствени установи на територијата на Република Северна Македонија, односно не станува збор за изолирани постапки за јавни набавки спроведени со цел да се фаворизира определен економски оператор.

Во однос на парцелите на кои се гради посочениот објек во медиумите, од Уверение за историски преглед на извршените запишувања издадено од Агенција за катастар на

недвижности за КП број 1866/4 КО Нерези-вонград и КП број 1866/5 КО Нерези-вонград се констатира следново:

- Во 2014 година врз основа на договор за купопродажба, КП 1866/4 со површина 1238 м2 била запишана во ИЛ 3092 на --------------------- и ----------------------- на по ½ идеален дел со право на сосопственост;

- Во 2015 година на сила стапува дигитален катастарски план врз основа на аналоген катастарски план, при што КП 1866/4 со површина од 1240 м2, нива 6-та класа била запишана во ИЛ 3092 на ------------------------------- и -------------------------- на по ½ идеален дел со право на сосопственост;

- Во 2016 година врз основа на потврда од овој орган КП 1866/4 со површина од 1239 м2, нива 6-та класа, била запишана во ИЛ 3092 на ---------------------- и ------------------------- на по ½ идеален дел со право на сосопственост;

- Во 2017 година врз основа на договор за физичка делба од КП 1866/4 за прв пат се оформува КП 1866/5 со површина од 693 м2, нива 6-та класа и се запишува во ИЛ 12496 на ----------------------------- со право на сопственост, а КП 1866/4 со површина од 537 м2, нива 6-та класа и била запишана во ИЛ 3092 на -------------------------- со право на сопственост.

Одлуката на Владата на Република Македонија за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на А4-врмено сместување КО Нерези Општина Карпош е објавена во Службен весник на РМ бр.157/14.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија, исто така, побара од Општина Карпош да изврши инспекциски надзор дали градбата се изведува согласно издадените одобренија УП.1 бр. 47-438 од 08.06.2017 година за К.П. 1866/4 КО Нерези на инвеститорот ------------------- од Скопје и УП.1 бр. 47-434 од 08.06.2017 година за К.П. 1866/5 КО Нерези на инвеститорот ----------------------------- од Скопје.

Во законски предвидениот рок, Општина Карпош достави известување со прилог записници, од кое се констатира дека овластен градежен инспектор при општината излегол на увид на лице место во Нерези на Г.П.1.5 и Г.П.1.4 и констатирал:

- дека на денот на увидот се гради објект во фаза изградена конструкција за која што инвеститорот ---------------------- поседува Одобрение за градење бр. 47-УП1-438 од 14.07.2017 година. Конструкцијата е изградена согласно одобрената техничка документација, односно Основен проект – фаза архитектура, градежништво, електрика, водовод и канализација со тех.бр.23/16 од март 2017 година изработен од --------------- Дооел Скопје во pdf формат;

- дека на денот на увидот се гради објект во фаза изградена конструкција за која што инвеститорот ------------------------ поседува Одобрение за градење бр. 47-УП1-434 од 14.07.2017 година. Конструкцијата е изградена согласно одобрената техничка документација, односно

Основен проект – фаза архитектура, градежништво, електрика, водовод и канализација со тех.бр.21/16 од март 2017 година изработен од ------------------ Дооел Скопје во pdf формат.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК не утврди незаконитости во посочените постапки за јавни набавки во предметниот случај, ниту повреда на други прописи релевантни за наводите изнесени во јавноста. Исто така, имајќи ги предвид одредбите од член 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во кои е уредена дефиницијата на „судир на интереси", и член 8 став 4 од истиот закон каде е уредено значењето на поимот „блиски лица", во постапките за јавни набавки не е констатирана состојба на судир на интереси. Оттука, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, по што одлучи постапката по оформениот предмет да се запре, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р Б.К.Ш., Советник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Претседател**
**Биљана Ивановска**